УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ГОДИНА 5 БРОЈ 5

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2018

**ГОДИНА 5** **БРОЈ 5**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

**За издавачот:**
проф. д-р Блажо Боев,
проф. м-р Антонијо Китановски

**Главен и одговорен уредник:**
проф. м-р Антонијо Китановски

**Одговорни уредници и редакциски одбор:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
проф. м-р Горанчо Ангелов
проф. д-р Владимир Јаневски
проф. д-р Илчо Јованов

**Јазично уредување:**
Лилјана Јовановска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип
Музичка академија
бул „Крсте Мисирков” 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

**С О Д Р Ж И Н А**

**Стефанија ЛЕШКОВА-ЗЕЛЕНКОВСКА, Валентина ВЕЛКОВСКА-ТРАЈАНОВСКА**
ИСТОРИЈАТОТ И РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА ГУДАЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ:
ВИОЛОНЧЕЛО И КОНТРАБАС (2) ........................................ 5

**Тихомир ЈОВИЌ**
ПОЛИФОНИЈАТА ВО КОМПОЗИЦИЈАТА ДОЈДОВМЕ ЗА МЕШАН ХОР
ОД ТОМИСЛАВ ЗОГРАФСКИ ........................................ 11

**Гоце ГАВРИЛОВСКИ**
УПОТРЕБА НА ФОЛКЛОРНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ И
УМЕТНИЧКАТА ТРАНСПОЗИЦИЈА НА ФОЛКЛОРОТ ВО ВТОРИОТ
СТАВ „ЛАМЕНТОЗО“ ОД СИМФОНИЈАТА БРОЈ 5, НА
КОМПОЗИТОРОТ ТОМА ПРОШЕВ ........................................ 17

**Ивана ЈАНКОВ**
ДРАМАТУРГИЈА И НЕЈЗИНИОТ РАЗВОЈ НИЗ ОСОБЕНОСТИТЕ
НА МУЗИЧКИТЕИ ВОНМУЗИЧКИТЕ ИЗРАЗНИ СРЕДСТВА ВО
КОМПОЗИЦИЈАТА „МАКЕДОНСКО ОРО“ ЗА МЕШАН ХОР ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТОДОР СКАЛОВСКИ........................................ 27

**Зоран НАСТОВ**
АСПЕКТИ НА ХАРМОНСКИОТ ЈАЗИК НА ПРВИОТ СТАВ
ОД СУИТАТА БР. 2 ОД БАЛЕТОТ „ЛАБИН И ДОЈРАНА“ ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ ........................................ 33

**Александар ТРАЈКОВСКИ**
ПАВЛИНА АПОСТОЛОВА - ИНТЕРПРЕТАТОР НА 40 УЛОГИ НА
МАКЕДОНСКАТА ОПЕРСКА СЦЕНА ........................................ 39

**Дуња ИВАНОВА**
КОНТЕКСТОТ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА МУЗИЧКО ДОЖИВУВАЊЕ ........................ 47

**Милица ШКАРИЌ и Елена ЕФРЕМОВА**
МУЗИЧКА ПИЈАНО ТЕРАПИЈА: СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СО ПОЧЕТНИК
ПО ПИЈАНО НА 9 - ГОДИШНА ВОЗРАСТ ........................................ 53

**Бисера ИВАНОВА**
ФОРМА, ОРНАМЕНТИКА, АРТИКУЛАЦИЈА И ДИНАМИКА КАЈ
ИЗБРАНИ СОНАТИ ОД ДОМЕНИКО ЧИМАРОЗА ........................................ 61

**Петре ШТЕРЈОВ**
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР БР. 2 ОП. 21 ВО ЕФ-МОЛ
ОД ФРЕДЕРИК ШОПЕН ........................................ 65

**Петар ТРБОЈЕВИЌ**
МУЗИКАТА НА ФИЛИП ГЛАС, МИНИМАЛИЗМОТ И ТИРОЛСКИОТ
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРЕКЕСТАР ........................................ 71

**Ивана МИЛОШЕВИЌ**
ВЛИЈАНИЕТО НА ПЕЕЊЕТО ВО ХОР ВРЗ КОГНИТИВНОТО И
ЕМОЦИОНАЛНОТО СПОЗНАВАЊЕ НА ДЕЦАТА ........................................ 75

**Лидија ЈОРДАНОВА**
УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ТЕОРИИТЕ НА
ПРОФЕСИОНАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА ........ 81

**Горанчо АНГЕЛОВ**
ФАРИЗ ХАЈРУЛА – ЗУРЛАЏИЈА И ИЗРАБОТУВАЧ НА „КАБА“
ЗУРЛИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ........ 91

**Владимир ЈАНЕВСКИ**
МАШКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО МАКЕДОНСКАТА ЕТНОКОРЕОЛОШКА
КЛАСИФИКАЦИЈА ........ 103

**Стојанче КОСТОВ**
КРАТОК ОСВРТ НА ОРСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО ЕТНИЧКИОТ
ПРЕДЕЛ РАДОВИШКО ПОЛЕ ........ 109

**Христијан НИКОЛОВСКИ**
ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА КИНЕТОГРАФИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА ........ 115

**Силвестер ПРОЛЕ**
ЕТНОКОРЕОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРАТА ВО
РАДОВИШКОТО СЕЛО ГАБРЕВЦИ ........ 121

**Љупка СТЕФАНОВСКА**
47 ГОДИНИ РЕПУБЛИЧКИ ФЕСТИВАЛ НА НАРОДНИ ИГРИ И
ПЕСНИ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ“ – БИТОЛА (1971 – 2018) ........ 125

**Горан ВАСИЛЕСКИ**
ИВАНДЕНСКИТЕ ЖЕНСКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО
ПРИЛЕПСКО-БИТОЛСКО ПОЛЕ И ЖЕЛЕЗНИК ........ 131

**Тијана ЈАНЕВСКА**
ОРОВОДНАТА ПЕЈАЧКА ТРАДИЦИЈА ВО ПРЕДЕЛОТ ДУРАЧКА РЕКА ........ 139

**Бојан ПЕТКОВСКИ**
ФИЛМУВАНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБРЕДОТ ЛАЗАРКИ
ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ ДОЛНИ ПОЛОГ ........ 143

**Дени СИНАДИНОВСКИ**
ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ОБРЕДНИ ИГРИ ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ
ПОРЕЧЕ И НИВНИТЕ ЕТНОКОРЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ........ 149

**Иво СОЛДАТОВИЌ**
ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ДРАГАН ЃАКОНОВСКИ-ШПАТО ........ 155

**Мирослав МИЛКОВСКИ**
МУЗИКАТА НА ЧИК КОРЕА ........ 163

**78:373.3]:780.616.433**
**78:780.616.433]:615.8-053.5**

# МУЗИЧКА ПИЈАНО ТЕРАПИЈА: СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СО ПОЧЕТНИК ПО ПИЈАНО НА 9-ГОДИШНА ВОЗРАСТ

проф. д-р Милица ШКАРИЌ[1],
Елена ЕФРЕМОВА[2]

[1] Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев", Штип milica.skarik@ugd.edu.mk
[2] Магистранд на студиската програма по Пијано на Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев", Штип efremova-elena@hotmail.com

**Апстракт:** Во државните музички училишта во Р Македонија исклучително ретко може да се сретнат ученици кои покрај музичкиот мотив, посетуваат настава по инструмент и од медицински причини по лекарска препорака. Во овој труд е претставен случајот на 9-годишен почетник на кој му составивме вежби по пијано за развивање и подобрување на прстната моторика во левата рака. По неколку месеци вежбање, констатиравме мали подобрувања во движењата на прстите кај ученикот.

***Клучни зборови*:** музичка терапија, пијано, вежби, прстна моторика, лева рака.

## Вовед

Децении наназад при упис во државните музички училишта во Р Македонија заинтересираните ученици полагаат приемен испит на кој ги демонстрираат нивните музички потенцијали. Вообичаено се избираат најуспешните кандидати, кои понатаму продолжуваат со интензивно изучување на солфеж и инструмент по избор.

Исклучително ретко може да се сретнат ученици, кои покрај музичкиот мотив, посетуваат настава по инструмент и од медицински причини по лекарска препорака. Таков редок случај е ученикот со иницијали Ј. Р., ученик во класата по пијано на проф. Елена Ефремова во ОМУ „Сергеј Михајлов" во Штип. Ученикот Ј. Р. започна да изучува пијано на 9-годишна возраст, а освен музичкиот талент причина беше и лекарскиот совет според кој изучувањето на пијаното треба да се искористи за подобрување на прстната моторика во левата рака.

Според лекарскиот извештај од 06.03.2018 од д-р Д. А. од ПЗУ „Д-Р ДРАГИЦА", Штип, за Ј. Р. е напишано следново: „Детето е родено после ризична бременост од мајка со дијабет и хипотиреоза. На првиот преглед по раѓањето приметена е одземеност на левата рака, без присутни рефлекси. Поради тешкото породување детето е ставено во инкубатор со кислородна терапија, двојна антибиотска терапија и терапија за присутното метаболно пореметување. Направено е ехо на мозок и ехо на срце. Извадено е од инкубатор по 16 дена со уредни витални параметри, без подобрување на рефлексите на лева рака. Во подоцнежниот период детето се развива нормално, освен одземеноста на лева рака, кај која има многу мало подобрување. Потребни се постојани вежби и физикална терапија."

Токму последната реченица од извештајот, како и музичките предиспозиции на Ј.Р. се причината да започне со изучување на пијаното. Ј.Р. е талентирано дете кое брзо разбира, чита ноти, пее, создава песнички, црта и сака да свири на пијано. Но, додека со десната рака може да свири нормално со сите прсти, во левата рака Ј. Р. на почетокот можеше да свири само со показалецот. Поради ова креиравме цела низа на пијано вежби за развивање на прстната моторика и подобро држење на левата рака. Некои од вежбите беа преземени од германските пијано педагози Петер Хајлбут, Бетина Шведхелм, Кребер-Аше и Гвидо Валдман, додека другите ги креиравме сами.

Со употреба на вежбите започнавме во декември 2017 година за време на првото полугодие од првата школска година на изучување на пијаното на Ј.Р. Вежбите ги креиравме и започнавме по следниот редослед:

- Вежба бр. 1 „Гледање преку заоблени дланки“;
- Вежба бр. 2 „Раце во форма на Х“;
- Вежба бр. 3 „Штрк“;
- Вежба бр. 4 „Гасеница“;
- Вежба бр. 5 „Жаба“;
- Вежба бр. 6 „Полжав“;
- Вежба бр. 7 „Бунар“;
- Вежба бр. 8 „Свирење на црни клавиши“.

Подолу е наведено изведувањето на секоја вежба поединечно.

**Вежба бр. 1 „Гледање преку заоблени дланки“**



**Слика 1**



**Слика 2**



**Слика 3**



**Слика 4**

Со оваа вежба се поставува заоблената рачна позиција при свирење на пијаното. На првата слика дланките се допираат и прстите се целосно исправени. На втората слика двете раце формираат тупаници. На третата и четвртата слика дланките и прстите се заокруглени. Низ нив се гледа наизменично првин низ едното, па низ другото око. Во овие позиции левата рака на Ј.Р. може целосно да ја имитира позицијата на десната рака, со што е возможно симетрично увежбување на моториката во неразвиените делови од левата рака.

**Вежба бр. 2 „Раце во форма на X“**

Оваа вежба е добра за целите раце, бидејќи ги вклучува рамениците, лактите, дланките и прстите. Вежбата започнува со испружени раце покрај телото, како што е покажано на првата слика. Потоа рацете се вкрстуваат во форма на буквата X, допирајќи ги рамениците. Вежбата се повторува неколку пати, а рацете при вкрстувањето може да ги менуваат улогите, односно првин десната рака да биде од горе, а на следното вкрстување левата рака.





**Слика 5** **Слика 6**

**Вежба бр. 3 „Штрк“**

Оваа вежба се изведува со 2 и 3 прст врз белите клавиши. Кај Ј.Р. добра е за развивање на моториката во третиот прст во левата рака, кој многу малку може да се движи. Со оваа вежба се имитира одењето на штркот и се прави бавно со рамномерно движење на двата прста по клавишите. Оваа вежба е преземена од германскиот пијано педагог Петер Хајлбут (Heilbut, 1993), а неа ја употребува и Бетина Шведхелм во нејзиниот почетен метод по пијано (Schwedhelm, 1996). На почеток Ј. Р. можеше да ја изведува низ две октави, а со тек на времето почна да ја изведува низ целата клавијатура.



**Слика 7**

**Вежба бр. 4 „Гасеница“**

Во оваа вежба се имитира движењето на гасеницата. Таа е преземена од П. Хајлбут (Heilbut, 1993) и се изведува врз затворениот капак од пијаното. На почеток прстите и дланката се испружени како што е покажано во првата слика. Потоа прстите и дланката се подигаат, како што е прикажано на втората слика. Ова подигање има за цел да овозможи раката да се собере во тупаница, како што е прикажано на третата слика. Понатаму раката повторно се испружува и вежбата се повторува повеќе пати, додека не се помине низ целата површина по капакот на пијаното.



**Слика 8**



**Слика 9**



**Слика 10**

**Вежба бр. 5 „Жаба“**

Оваа вежба е слична со претходната вежба „Гасеница“. Се изведува врз затворениот капак од пијаното. Започнува на ист начин, со испружена дланка и прсти како што е прикажано на слика 11. Потоа раката се дига како да скока (имитира скок на жаба) и истовремено се собира во форма на тупаница како што е прикажано на слика 12. Повторно раката се спушта исправена во почетната позиција и вежбата се повторува неколку пати.



**Слика 11**



**Слика 12**

**Вежба бр. 6 „Полжав“**

Оваа вежба е слична на претходните две. Започнува на ист начин со испружена дланка и прсти. Потоа дланката се собира во заокруглена форма, имитирајќи го влегувањето на полжавот во неговата кућичка. Потоа раката повторно се испружува, како полжавот да е излезен надвор и вежбата се повторува неколку пати.



Слика 13



Слика 14

**Вежба бр. 7 „Бунар“**

Во оваа вежба се вклучени сите прсти. Започнува со споени дланки и испружени прсти (слика 15). Потоа се спушта секој прст полека, наизменично лева па десна рака (слика 16), сѐ додека не се преплетат сите прсти (слика 17). Потоа вежбата се повторува.



Слика 15



Слика 16



Слика 17

По правењето на сите овие вежби, следуваат вежби со свирење. Овие вежби вклучуваат и креативни вештини, како импровизација и транспонирање на други детски песнички препознатливи за детското уво како „Фармата на стариот Мекдоналд“.

**Вежба бр. 8 „Свирење на црни клавиши“**

Во оваа вежба, левата рака (која има проблем со моториката) истовремено ја притиска со три прсти групата од три црни клавиши „фис, гис и аис“. Десната рака свири измислена мелодија врз други црни клавиши. Како втора мелодија, десната рака ја свири „Фармата на стариот Мекдоналд“ на црни клавиши со почеток од тонот фис.



**Слика 18**

Ова се само дел од вежбите кои би можеле да помогнат за подобра моторика на левата рака кај Ј. Р. Тој ги прави вежбите секојдневно по неколку пати. По неколку месеци, во неговото свирење има мало подобрување, но сепак е потребно уште многу време и труд за да се постигне посакуваниот успех.

По 6 месеци работа, Ј. Р. успеа да свири, не само со вториот, туку и со третиот и четвртиот прст, иако со одредени тешкотии. Следен предизвик му е свирењето со први и петти прст. Упорноста му помогна да постигне добри резултати, поголема концентрација и самодоверба при изведување на композициите. Покрај тоа, настапуваше на два јавни часа, кои за него претставуваа голем успех. Со понатамошен труд и секојдневна работа, можат да се постигнат подобри резултати.



**Слика 19**



**Слика 20**

Овие вежби му помогнаа на Ј. Р. да продолжи да ја сака музиката и да ја развива својата креативност. Свирењето пијано за него претставуваше средство за развивање на моториката на неговата лева рака преку интересни вежби адаптирани за неговиот детски свет.



**Слика 21** Настап на јавен час на Ј. Р. на 30 мај 2018 ОМУ „Сергеј Михајлов" – Штип

**Користена литература:**


1. Heilbut, P. (1976). *Improvisieren im Klavierunterricht*. Wilhelmshafen: Heinrichshofen's Drück.
2. Heilbut, P. (1993). *Klavier spielen Früh-Instrumentalunterricht, Ein pädagogisches Handbuch für die Praxis*. Mainz: Schott.
3. Kreober-Asche, L., & Waldmann, G. (1987). *Neue Wege am Klavier, Schulwerk für Anfänger*. Wolfenbüttel und Zürich: Möseler Verlag.
4. Schwedhelm, B. (1996). *Klavierspielen mit der Maus, Band 1, Spiel ohne Noten*. Hamburg: Sikorski Verlag.
5. Шкариќ, М. (2006). *Влијание на импровизацијата врз слушната и нотната анализа во почетната настава по пијано за деца*. Необјавена докторска дисертација, Универзитет „Кирил и Методиј", Факултет за музичка уметност.